Влада на Република Северна Македонија
Генерален секретаријат

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Sekretariati i përgjithshëm

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCATE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 01-819/4
09.06.2026 год.
С К О П Ј Е / SHKUP

**Образец бр. 7**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ 2022-2026 ГОДИНА

[1] 01-819/4 [2026]

# ВОВЕД

Стратегијата за унапредување на системот на јавните набавки во Република Северна Македонија за периодот 2022-2026 година (понатаму: Стратегија за јавни набавки) е подготвена во текот на 2021 година. На иницијатива на Бирото за јавни набавки беше формирана работна група за подготовка на Стратегијата за јавни набавки, во која учествуваа претставници Државна комисија за жалби по јавни набавки, Државен завод за ревизија, Државна комисија за спречување на корупција, Комисија за заштита на конкуренција, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за правда и Секретаријат за европски прашања.

Во подготовката на Стратегијата за јавни набавки, активно беа вклучени и партнерите од Твининг проектот „Зајакнување на функциите за буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола", каде Бирото за јавни набавки беше корисник на Компонента 3 – Подобрена правна усогласеност, ефикасност и транспарентност на системот за јавни набавки.

Во рамки на работната група беше подготвена нацрт Стратегија за унапредување на системот за јавни набавки 2022-2026г. и Акциски план за 2022 година за спроведување на Стратегијата за унапредување на системот за јавни набавки, кои беа усвоени од Владата на Република Северна Македонија во првиот квартал од 2022 година.

Дополнително, за следење на спроведувањето на Стратегијата за јавни набавки, формирано е Координативно тело составено со претставници од следниве институции:

- Биро за јавни набавки
- Државен завод за ревизија
- Државна комисија за спречување на корупцијата
- Кабинет на заменик претседател на Влада, задолжен за политики за добро владеење
- Министерство за финансии
- Министерство за правда
- Државна комисија за жалби по јавни набавки
- Комисија за заштита на конкуренцијата
- Министерство за економија (Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини - согласно Законот за концесии и јавно приватно партнерство (СВРСМ бр.147/24) надлежноста во областа на концесии и јавно приватно партнерство е пренесена во надлежност на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини).
- Секретаријат за европски прашања (Министерство за европски прашања)

Главна функција на Координативното тело е следење на влијанието / резултатите на стратешките и оперативните цели од реализацијата на Стратегијата, а

користејќи го Акцискиот план како начин за следење и имплементација, на годишна основа поднесува извештај до Владата за напредокот постигнат во неговата имплементација.

Координативното тело подготви Извештај за следење на спроведувањето на Стратегијата за унапредување на системот за јавните набавки на Република Северна Македонија за период 2022-2026 година и Акцискиот план за 2022 година, како и Акциски план за спроведување на Стратегијата за 2023 година, кои беа разгледани од Владата на Република Северна Македонија во јуни од 2023 година.

Со оглед на тоа што Годишен извештај за спроведување на Стратегијата за 2023 година и Акциски план за спроведување на Стратегијата за 2024 година беа подготвени и доставени на разгледување, но истите не беа разгледани од Владата на Република Северна Македонија во 2024 година, а заради обезбедување на континуитет во известувањето, во 2025 година е подготвен Извештај со кој се опфатени 2023 и 2024 година, како и Акциски план за 2025 година.

Со овој Годишен извештај се презентира напредокот во имплементацијата на Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за јавни набавки во 2025 година.

## 1. РЕЗИМЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

Стратегијата за јавни набавки содржи осум приоритетни области. Во продолжение се презентирани постигнатите резултати во секоја приоритетна област поединечно.

Во рамки на **Приоритетната област – Подобрување на правната рамка за јавни набавки,** во 2025 е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки со кој направени подобрувања на законската рамка. Со цел подобрена примена на Законот, на веб страницата на БЈН објавени се ажурирани модели на тендерска документација согласно измените во Законот за јавните набавки, објавен е модел на Тендерска документација за јавна набавка на електрична енергија и модел на Изјава за непристрасност и доверливост. Мерките во оваа приоритетна област ќе бидат опфатени и со Акцискиот план за 2026 година.

Во рамки на **Приоритетната област – Подобрување на институционалната рамка,** одржани се редовни работни состаноци на Советодавното тело за јавни набавки, со цел идентификување и надминување на слабости и грешки во имплементација на Законот. Активностите поврзани со воведување интегриран пристап до ЕСЈН за клучните институции во системот (ДЗР, ДКСК, КЗК, ДКЖЈН) за да се поедностави пристапот до податоци, не се реализирани заради недостаток на соодветна техничка подготвеност и опременост на наведените институции. Овие активности ќе продолжат по обезбедување на потребните предуслови од технички аспект.

Во рамки на **Приоритетната област - Електронски јавни набавки,** реализирана е надградба на Електронскиот систем за јавни набавки со модул за автоматска објава на Тендерска документација и со модул за поднесување на понуда во веб-формат (e-submit) и соодветно се ажурирани дел од прирачниците за договорните органи и економските оператори. Со Акцискиот план за 2026 година ќе се финализираат активностите кои се во тек и ќе се планираат нови мерки од опфат на Приоритетната област.

Во рамки на **Приоритетната област – Јавно-приватно партнерство и концесии** во тек е изработка на Предлог Закон за јавно приватно партнерство во согласност со европското законодавство и Предлог Закон за концесии на добра од општ интерес. Мерките во оваа приоритетна област ќе бидат опфатени и со Акцискиот план за 2026 година.

Во рамки на **Приоритетната област - Подобрување на правната заштита во јавните набавки и постапките за ЈПП и концесии,** планираните активности за Имплементација на новиот информатички систем за интероперабилност во ДКЖЈН и нови вработувања не се реализираа во 2025 година и истите ќе бидат опфатени и со Акцискиот план за 2026 година.

Во рамки на **Приоритетната област - Борба против корупцијата и судирот на интереси,** генерирани се и доставени до КЗК и ДЗР периодични извештаи врз основа на утврдените „црвени знаменца". Мерките во оваа приоритетна област ќе бидат опфатени и со Акцискиот план за 2026 година.

Во рамки на **Приоритетната област - Еколошко и социјално одговорни јавни набавки,** во тек е подготовка на Прирачник за јавни набавки наменет за мали и средни претпријатија. Мерката во оваа приоритетна област ќе биде опфатена и со Акцискиот план за 2026 година.

Во рамки на **Приоритетната област - Зајакнување на административните капацитети, обезбедување на професионална обука за лица кои работат во областа на јавните набавки и промоција на професијата,** реализирана е активноста за зајакнување на статусот на вработените на БЈН, а во континуитет се реализираат активности за зголемување на знаењата и вештините на вработените од областа на ЈН и ЈПП (посетени обуки и програми за едукација од страна на вработени во БЈН, одржан едукативен настан за ДЗР, обука за судии, јавни обвинители, советници и административен персонал од правосудните институции,), како и посета на тела за јавни набавки во регионот, во насока на размена на искуства и добри практики (Албанија, Косово, Молдавија). Мерките во оваа приоритетна област ќе бидат опфатени и со Акцискиот план за 2026 година.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ

### 2.1 <u>Приоритетна област: Подобрување на правната рамка за јавни набавки</u>

- **Мерка 2.1.1. - Усвојување на измени и дополнувања на ЗЈН согласно со изготвен план**

  - **Активност: Подобрување на законската рамка за јавни набавки** – Активноста е ВО ТЕК и ќе предложи и во 2026 година. Во 2025 е донесен Закон за изменување и дополнување на Законот за јавните набавки со кој направени подобрувања на законската рамка. Сепак, согласно изготвениот План за измени на Законот за јавните набавки, потребни се дополнителни подобрувања со цел надминување на слабостите кои се идентификувани при внатрешни и надворешни оценки на законската рамка и функционирањето на системот за јавни набавки.

- **Мерка 2.1.2. - Изработка на модели на тендерски документи и технички спецификации на стандардни стоки и услуги**

  - **Активност: Ажурирање на модели на тендерски документации и технички спецификации** – Активноста е РЕАЛИЗИРАНА. Со цел

подобрена примена на Законот, подготвени се и објавени на веб страницата на БЈН ажурирани модели на тендерска документација согласно измените во Законот за јавните набавки, објавен е модел на Тендерска документација за јавна набавка на електрична енергија, како и модел на Изјава за непристрасност и доверливост, со препораки за примена .

Мерките и активностите во Приоритетната област – Подобрување на правната рамка за јавни набавки се ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ. Приоритетна област содржи 2 мерки односно 2 активности, од кои:

- 1 мерка/активност е во тек,
- 1 мерка/активност е реализирана во целост.

## 2.2 <u>Приоритетна област: Подобрување на институционалната рамка</u>

- **Мерка 2.2.1. – Поголема координација и комуникација меѓу институциите за да се спречи корупција или можни грешки и слабости во постапките за јавни набавки**

  - **Активност : Редовна координација и комуникација во рамки на Советодавното тело, согласно склучениот Меморандум за соработка помеѓу одговорните институции** – активноста е РЕАЛИЗИРАНА. Во рамки на Советодавното тело одржани се два работни состаноци, во јули и во ноември 2025 година. Координацијата и комуникацијата во рамки на Советодавното тело ќе продолжи и во 2026 година.

- **Мерка 2.2.2. – Воведување интегриран пристап до ЕСЈН за клучните институции во системот (ДЗР, ДКСК, КЗК, ДКЖЈН) за да се поедностави пристапот до податоци**

  - **Активност: Анализа на можностите и подготовка за примена на интегрирана комуникација меѓу ЕСЈН и електронските системи на клучните институции** - активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА.

  - **Активност: Меѓу-институционална соработка за имплементација на препораките од изготвената Анализа за интегрирана комуникација меѓу ЕСЈН и електронските системи на клучните институции, и размена на искуства и потреби за воведување/надградба на електронски алатки за анализирање на податоците од ЕСЈН** – активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА.

Мерките и активностите во Приоритетната област – Подобрување на институционалната рамка се ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ.

Приоритетната област содржи 2 мерки односно 3 активности, од кои:

- 1 мерка/активност е реализирана,

- 1 мерка односно 2 активности се нереализирани.

## 2.3 Приоритетна област: Електронски јавни набавки

- **Мерка 2.3.1. - Имплементација на е-пазар за набавки од мала вредност**

  - **Активност: Ажурирање на прирачник за е-пазар за ДО** - активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

  - **Активност: Ажурирање на прирачник за е-пазар за ЕО** - активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

- **Мерка 2.3.2. – Надградба на Електронскиот систем за јавни набавки со модул за автоматска објава на тендерска документација**

  - **Активност : Поставување на нова верзија на ЕСЈН** - Активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

  - **Активност: Ажурирање на прирачникот за користење на ЕСЈН за ДО** - Активноста е ВО ТЕК и ќе продолжи и во 2026г.

  - **Активност: Континуирани обуки за корисниците на ЕСЈН** - Активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

- **Мерка 2.3.3. – Надградба на Електронскиот систем за јавни набавки со модул за поднесување на понуда во веб формат**

  - **Активност: Поставување на нова верзија на ЕСЈН** – активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

  - **Активност: Ажурирање на прирачникот за користење на ЕСЈН за ЕО** - Активноста е ВО ТЕК и ќе продолжи и во 2026г.

  - **Активност: Континуирани обуки за корисниците на ЕСЈН** - Активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

Мерките и активностите во Приоритетната област - Електронски јавни набавки се ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ во целост.

Приоритетната област содржи 3 мерки односно 8 активности, од кои:

- 1 мерка е реализирана
- 2 мерки се делумно реализирани, односно
- 6 активности се реализирани
- 2 активности се во тек

## 2.4 Приоритетна област: Јавно – приватно партнерство и концесии

- **Мерка 2.4.1. - Усвојување на нов Закон за јавно приватни партнерства и нов Закон за концесии на добра од општ интерес**

- **Активност: Изработка на Предлог Закон за јавно приватно партнерство во согласност со европското законодавство** – Активноста е ВО ТЕК.

- **Активност: Изработка на Предлог Закон за концесии на добра од општ интерес** - Активноста е ВО ТЕК.

Мерките и активностите во Приоритетната област – Јавно-приватно партнерство и концесии се ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ.

Приоритетната област содржи 1 мерка односно 2 активности, чија реализација е во тек.

**2.5 Приоритетна област: Подобрување на правната заштита во јавните набавки и постапките за ЈПП и концесии**

- **Мерка 2.5.1. – Развој на интерен информатички систем, интероперабилен со ЕСЈН**

  - **Активност: Имплементација на новиот информатички систем за интероперабилност во ДКЖЈН** - активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА. Активноста ќе продолжи и во 2026 година.

- **Мерка 2.5.2. – Зголемување на административниот капацитет на Државната комисија за жалби по јавни набавки**

  - **Активност: Нови вработувања во ДКЖЈН** - активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА. Активноста ќе продолжи и во 2026 година.

Мерките и активностите во Приоритетната област - Подобрување на правната заштита во јавните набавки и постапките за ЈПП и концесии се НЕРЕАЛИЗИРАНИ.

Приоритетна област содржи 2 мерки односно 2 активности, кои се нереализирани.

**2.6 Приоритетна област: Борба против корупцијата и судирот на интереси**

- **Мерка 2.6.1. – Утврдување на насоки и начини за користење на "црвени знаменца" за соодветно идентификување на можни незаконски договарања помеѓу ЕО**

  - **Активност: Генерирање и доставување на периодични извештаи до КЗК и ДЗР врз основа на утврдените „црвени знаменца" и по барање на КЗК и ДЗР** - активноста е РЕАЛИЗИРАНА, а истата КОНТИНУИРАНО продолжува и во следната година.

  - **Активност: Дефинирање на начин на известување на ДКСК за можен ризик од корупција врз основа на податоци од Извештаите за**

**воспоставени индикатори за следење на ризиците во јавните набавки** - активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА.

- **Активност: Редовна координација и комуникација помеѓу БЈН и ДКСК по објавување на Извештаите за воспоставени индикатори за следење на ризиците во јавните набавки** - активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА.

Мерката и активностите во Приоритетната област - Борба против корупцијата и судирот на интереси се ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ.

Приоритетната област содржи 1 мерка односно 3 активности, од кои:

- 1 мерка е делумно реализирана односно
- 1 активност е реализирана,
- 2 активности се нереализирани.

## 2.7 Приоритетна област: Еколошко и социјално одговорни јавни набавки, поттикнување на иновациите во набавките

- **Мерка 2.7.1. – Изготвување упатства за мали и средни претпријатија**

  - **Активност: Изработка на прирачник за јавни набавки наменет за мали и средни претпријатија** – активноста е ВО ТЕК.

  - **Активност: Обука за мали и средни претпријатија** - активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА

Мерките и активностите во Приоритетната област - Еколошко и социјално одговорни јавни набавки, поттикнување на иновациите во набавките се ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ.

Приоритетната област содржи 1 мерка односно 2 активности, од кои:

- 1 мерка е делумно реализирана односно
- 1 активност е во тек,
- 1 активност е нереализирана

## 2.8 Приоритетна област: Зајакнување на административните капацитети, обезбедување на професионална обука за лица кои работат во областа на јавните набавки и промоција на професијата

- **Мерка 2.8.1. - Овозможување на законски претпоставки за зголемување на платите за службениците во БЈН и ДКЖЈН**

  - **Активност: Зајакнување на статусот на вработените (стручната служба) на БЈН** - активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

- **Активност: Зајакнување на статусот на вработените (стручната служба) на ДКЖЈН** – активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА, ќе продолжи и во Акцискиот план за 2026 година.

- **Активност: Зајакнување на статусот на вработените на ДЗР вклучени во ревизијата на јавните набавки** - активноста е НЕРЕАЛИЗИРАНА.

• **Мерка 2.8.2. – Дефинирање на надлежностите и целите на учење што треба да се постигнат, со посебен акцент на вештините кои треба да ги поседуваат различните засегнати страни**

- **Активност: Дизајнирање на Програма за едукација согласно анализата на одговорите од прашалник на ProcureComp** – активноста е ВО ТЕК, и ќе продолжи и во 2026г.

- **Активност: Континуирана едукација за зголемување на знаењата и вештините на вработените од областа на ЈН и ЈПП** - активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

- **Активност: Организирање на посети на други агенции и тела за јавни набавки, ВРИ и други институции за користење на научените лекции и добри пракси** - активноста е РЕАЛИЗИРАНА.

Мерките и активностите во Приоритетната област - Дефинирање на надлежностите и целите на учење што треба да се постигнат, со посебен акцент на вештините кои треба да ги поседуваат различните засегнати страни се ДЕЛУМНО РЕАЛИЗИРАНИ.

Приоритетната област содржи 2 мерка односно 6 активности, од кои:

- 2 мерки е делумно реализирани односно
- 3 активности се реализирани,
- 1 активности се во тек,
- 2 активности се нереализирани.

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ И РИЗИЦИ ВО ТЕКОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА СО ПРЕПОРАКИ

Во извештајниот период, утврдени се повеќе околности кои влијаеа на целосна и навремена реализација на планираните мерки и активности

- Дел од мерките/активностите се однесуваат на донесување на закони со кои се усогласува правната рамка со европското законодавство. Реализацијата на овие мерки/активности ја надминува надлежноста на институциите кои се задолжени за спроведување на оваа Стратегија.

- Некои од планираните активности се условени од измена на постоечки закони, што влијае на навремената реализација на активностите
- Реализацијата на некои активности е условена од претходна техничка подготвеност и опременост на институциите.

Во претстојниот период, ќе се анализираат постигнувањата, околностите и ризиците, и ќе се планираат и преземаат соодветни мерки за обезбедување на спроведувањето на планираните активностите за спроведување на Стратегијата за јавни набавки.

## 4. ПРЕГЛЕД НА СПРОВЕДЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Степенот на спроведување на приоритетните области, мерките и активностите од Акцискиот план за 2025 година е прикажан во табелата 1.

Табела 1. Степен на реализација

| [illegible] | | | [illegible] | | | [illegible] | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | | 14 | | | 28 | | |
| Реализирани | Делумно | Нереализир. | Реализирани | Делумно | Нереализир. | Реализирани | Во тек | Нереализир. |
| 0 | 7 | 1 | 3 | 8 | 3 | 12 | 7 | 9 |

Степенот на реализација на ниво на приоритетни области е прикажан на слика 1.




Слика 1

Видно од прикажаното, на ниво на приоритетни области, истите во најголем дел односно 87% се делумно реализирани, 13% се нереализирани.

Степенот на реализација на ниво на мерки е прикажан на слика 2.




Слика 2

Видно од прикажаното, на ниво на планирани мерки, 22% се целосно реализирани, 57% се делумно реализирани, а 21% се нереализирани.

Степенот на реализација на ниво на активности е прикажан на слика 3.




Слика 3

Видно од прикажаното, на ниво на планирани активности, 43% се целосно реализирани, реализацијата на 25% од активностите е во тек, а 32% се нереализирани.

Образец бр. 6

# СЛЕДЕЊЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА 2025 ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

| Назив на стратегијата | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Поврзаност на стратегијата со развојна насока (и), општа и посебна цел од Национална стратегија за развој на Република Северна Македонија: Стратешка област бр.4 Владеење на правото и добро управување | | | | | | | | | |
| ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3 - Подобрување на правната рамка за јавни набавки | | | | | | | | | |
| Активност | Водечка институција и институции учесници | Почетен датум (квартал) | Датум на извршување (квартал) | Степен на спроведување<br>зелено<br>жолто<br>црвено | Статус на реализација на активноста | Ризици/проблеми кои можат да се јават до крајот на спроведувањето на активноста | Следни чекори | Нов рок за реализација на активноста | |
| Подобрување на законската рамка за јавни набавки | БЈН, ДКЖЈН, МЕРМС, ДКСК, ДЗР, КЗК, МФ, ВРСМ | К1/2025 | К4/2025 | | Во тек | | Активноста ќе биде опфатена и со Акцискиот план за 2026г. | К4/2026 | |
| Ажурирање на модели на тендерски документации и технички спецификации | БЈН | К1/2025 | К4/2025 | | Реализирано | | Со ажурирање на модели на тендерски документации и технички спецификации ќе | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | [redacted] | | | се продолжи и во 2026г. | | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: Подобрување на институционалната рамка** | | | | | | | | | |
| Редовна координација и комуникација во рамки на Советодавното тело, согласно склучениот Меморандум за соработка помеѓу одговорните институции | БЈН, ДКЖЈН, КЗК, ДЗР, ДКСК, МЕРМС, КЗПВРСМ задолжен за добро владеење | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Реализирано | | Редовна координација и комуникација во рамки на Советодавното тело ќе продолжи и во 2026г. | | |
| Анализа на можностите и подготовка за примена на интегрирана комуникација меѓу ЕСЈН и електронските системи на клучните институции | БЈН, ДЗР, ДКСК, ДКЖЈН | К3/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активностите ќе продолжат по обезбедување на потребните предуслови од технички аспект. | / | |
| Меѓу-институционална соработка за имплементација на препораките од изготвената Анализа за интегрирана комуникација меѓу ЕСЈН и електронските системи на клучните институции, и размена на искуства и потреби за | БЈН, ДЗР, ДКСК, КЗК, | К2/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активностите ќе продолжат по обезбедување на потребните предуслови од технички аспект. | / | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| воведување/надградба на електронски алатки за анализирање на податоците од ЕСЈН | | | | | | | | | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – Електронски јавни набавки** | | | | | | | | | |
| Ажурирање на прирачник за е-пазар за ДО | БЈН | К1/2025 | К4/2025 | | Реализирано | | / | | |
| Ажурирање на прирачник за е-пазар за ЕО | БЈН | К1/2025 | К4/2025 | | Реализирано | | / | | |
| Поставување на нова верзија на ЕСЈН (автом. објава на ТД) | БЈН | К2/2025 | К4/2025 | | Реализирано | | / | | |
| Ажурирање на прирачникот за користење на ЕСЈН за ДО(автом. објава на ТД) | БЈН | К2/2025 | К4/2025 | | Во тек | | Ажурирањето на Прирачникот ќе се финализира во 2026г. | К2/2026 | |
| Континуирани обуки за корисниците на ЕСЈН (автом. објава на ТД) | БЈН | К1/2025 | К3/2025 | | Реализирано | | / | | |
| Поставување на нова верзија на ЕСЈН (понуда во веб-формат) | БЈН | К2/2025 | К4/2025 | | Реализирано | | / | | |
| Ажурирање на прирачникот за користење на ЕСЈН за ЕО (понуда во веб-формат) | БЈН | К2/2025 | К4/2025 | | Во тек | | Ажурирањето на Прирачникот ќе се финализира во 2026г. | К2/2026 | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Континуирани обуки за корисниците на ЕСЈН (понуда во веб-формат) | БЈН | К1/2025 | К3/2025 | [redacted] | Реализирано | | / | | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: Јавно-приватно партерство и концесии** | | | | | | | | | |
| Изработка на Предлог Закон за јавно приватно партнерство во согласност со европското законодавство | МЕРМС | К1/2025 | К4/2025 | | Во тек | | Изработката на Предлог Законот за ЈПП ќе продолжи во 2026 | К2/2026 | |
| Изработка на Предлог Закон за концесии на добра од општ интерес | МЕРМС | К1/2025 | К4/2025 | | Во тек | | Изработката на Предлог Законот за концесии ќе продолжи во 2026 | К2/2026 | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: Подобрување на правната заштита во јавните набавки и постапките за ЈПП и концесии** | | | | | | | | | |
| Имплементација на новиот информатички систем за интероперабилност во ДКЖЈН | ДКЖЈН, БЈН | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активноста ќе биде опфатена и со Акцискиот план за 2026г. | К4/2026 | |
| Нови вработувања во ДКЖЈН | ДКЖЈН, МФ/МЈА | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активноста ќе биде опфатена и со Акцискиот план за 2026г. | К4/2026 | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: Борба против корупцијата и судирот на интереси** | | | | | | | | | |
| Генерирање и доставување на периодични извештаи до КЗК и ДЗР врз основа на утврдените | БЈН, КЗК, ДЗР | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Реализирано | | Активноста ќе продолжи да се реализира и во 2026г. | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| „црвени знаменца" и по барање на КЗК и ДЗР | | | | [redacted] | | | | | |
| Дефинирање на начин на известување на ДКСК за можен ризик од корупција врз основа на податоци од Извештаите за воспоставени индикатори за следење на ризиците во јавните набавки. | БЈН, ДКСК | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активноста ќе биде опфатена и со Акцискиот план за 2026г. | К2/2026 | |
| Редовна координација и комуникација помеѓу БЈН и ДКСК по објавување на Извештаите за воспоставени индикатори за следење на ризиците во јавните набавки | БЈН, ДКСК, КЗК, ДЗР, ДКЖЈН, МЕРМС | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активноста ќе биде опфатена и со Акцискиот план за 2026г. | К4/2026 | |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ – Еколошко и социјално одговорни јавни набавки** | | | | | | | | | |
| Изготвување на Прирачник за јавни набавки наменет за мали и средни претпријатија | БЈН | К1/2025 | К3/2025 | | Во тек | | Активноста ќе биде финализирана во 2026г. | К4/2026 | |
| Обуки за мали и средни претпријатија | БЈН | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активноста ќе биде финализирана во 2026г. | К4/2026 | |

| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ: Зајакнување на административните капацитети, обезбедување на професионална обука за лица кои работат во областа на јавните набавки и промоција на професијата** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зајакнување на статусот на вработените (стручната служба) на БЈН | ВРСМ/МФ, БЈН | К1/2025 | К2/2025 | [redacted] | Реализирано | | / | | |
| Зајакнување на статусот на вработените на ДКЖЈН | ВРСМ/МФ, ДКЖЈН | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | Активноста ќе биде опфатена и со Акцискиот пан за 2026г. | К4/2026 | |
| Зајакнување на статусот на вработените на ДЗР вклучени во ревизијата на јавните набавки. | ВРСМ/МФ, ДЗР | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Нереализирано | | / | | |
| Дизајнирање на Програма за едукација согласно анализата на одговорите од прашалник на ProcureComp | БЈН | К1/2025 | К4/2025 | | Во тек | | Активноста ќе продолжи во 2026г. | К4/2026 | |
| Континуирана едукација за зголемување на знаењата и вештините на вработените од областа на ЈН и ЈПП | БЈН, МЕРМС, ДЗР, ДКЖЈН, ДКСК, КЗК и други надлежни институции | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Реализирано | | Активноста ќе биде опфатена и со Акцискиот пан за 2026г. | | |
| Организирање на посети на други агенции и тела за јавни | БЈН, ДЗР, ДКЖЈН, ДКСК, КЗК | К1/2025 | К4/2025 | [redacted] | Реализирано | | Активноста ќе биде опфатена и | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| набавки, ВРИ и други институции за користење на научените лекции и добри пракси. | и други надлежни институции | | | [redacted] | | | со Акцискиот пан за 2026г. | | |